РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1284/1
22.11.2022 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 31 став 1 алинеа 4 а во врска со член 68 став 1 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр. 9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на Општина Дојран објавува,

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансирање на спортските активности од Буџетот на Општина Дојран за 2023 година**

Како субјекти кои можат да конкурираат се спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот кои делуваат на територијата на Општина Дојран.

Спортски здруженија и другите правни лица кои учествуваат на овој повик потребно е :
- да го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
- да го организираат и спроведуваат системот на натпревари;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;
- да се грижат за унапредување на младите категории;

Потребна документација која спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот треба да ја достават:

-Документација од извршена регистрација на субјектот (Копија);
- Годишна програма за работа за 2023 година;
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Дојран за 2022 година (до денот на поднесување на пријавата).

Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **05.12.2022 година (Понеделник) до 15 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во архивата на општина Дојран или преку пошта на адреса: Општина Дојран, ул.„кеј 5-ти Ноември“ бр.бб, 1486 Стар Дојран, со назнака **„за финансирање на активности од областа на спортот за 2023 година“.**

Здруженијата, учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по донесување на годишната Програма за финансирање на спортските активности во општина Дојран за 2023 година.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН